| | |
|---|---|
| **Неделна тема:** | „Моето семејство- мое богатство“ |
| **Содржина на денот:** | Албум на моето семејство |
| **Возраст:** | 3-4 години |
| **Воспитувач:** | Адријана Станков |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики:** | Разговор и покажување низ практични примери како треба правилно да ги миеме рацете во домот и како да оддржуваме растојание додека да стигнеме до домот(слика 1, 2 и 3). |
| **Активности:** | Разгледувајте го албумот со семејни фотографии (слика 4).Разговарајте за членовите на Вашето потесно и пошироко семејство.Дозволете му на детето само да го држи и разгледува албумот со фотографи(слика 5).Раскажувајте за настаните на фотографиите.Нацртајте ја дланката на кафен хамер, а детето нека ја исече со ножички со Ваша контрола.Посочете му како правилно треба да ги држи ножиците и како правилно да се ракува со нив.Во меѓувреме исечете апликации од членовите на Вашето семејство(слика 6).Детето нека ги залепи на прстите и нека ги именува пр:Овој прст е тато, овој прст е бато итн. Разговарајте со детето за неговата важност во семејството.Разгледувајте слики од него и коментирајте ги. Можете заедно со Вашето дете да ги направите вкусните колачи што ги обожава.Додека заедно работите во кујна, кажувајте му ја стихотворбата:<br><br>Моето семејство<br><br>Имам топол дом |

| | |
|---|---|
| | убав како цвет,<br>јас сум среќно дете<br>на овој убав свет.<br><br>Тато ме учи<br>добар да бидам<br>мама ме гали<br>со насмевки мали.<br><br>Стихови:Емилија Стојкова |